Врз основа на член 203 од  Законот за работни односи (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 62/2005 и 106/2008) и согласно член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 10/2008), Министерството за образование и наука на Република Македонија и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија на 30 јануари 2009 година, го склучија следниот

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
## за изменување и дополнување на Колективниот договор за средното образование во Република Македонија

Член 1

Во Колективниот договор за средното образование во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/95 и 41/05) членот 30 се менува и гласи:

„Член 30

Најниската плата за одделени степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на работникот, се утврдува така што износот на најниската плата за најнизок степен на сложеност се множи со соодветниот коефициент за степен на сложеност и тоа:

I. ГРУПА

Едноставна и рутинска работа за обавување на работните задачи:

-општ работник

Коефициент на сложеност 1,00

II. ГРУПА

Помалку сложени работи и задачи, односно работа со едноставни средства за работа:

-хигиеничар,

-чувар,

-перачка во училишта за деца со посебни образовни потреби и ученичките домови во состав на средните училишта,

-сервирка-садомијач во училишта за деца со посебни образовни потреби и ученичките домови во состав на средните училишта.

Коефициент на сложеност 1,182.

III. ГРУПА

Средно сложени работи и задачи , за кои се потребни потесни познавања за работата:

-ложач,

-ракувач на парни котли,

Коефициент на сложеност 1,616.

IV. ГРУПА

Посложени работи кои бараат поголем степен на самостојност во извршување на работите:

1. Подгрупа
-економ домаќин,
-готвач,
-хаус- мајстор.
Коефициент на сложеност 1,753.

2. Подгрупа
-благајник-администратор,
-негувател во ученички дом.
Коефициент на сложеност 1,890.

3. Подгрупа
-соработник во практична настава (демонстратор, лаборант и други соработници).
Коефициент на сложеност 1,959.

V. ГРУПА

Многу сложени работи кои бараат креативност во нивното извршување:
-секретар-администратор.
Коефициент на сложеност 2,164

VI. ГРУПА

Високо сложени работи сврзани поврзани со изведдување на настава и стручни работи што бараат дополнително познавање на подрачјето на кое работат со самостојност и креативност во нивното извршување:

1. Подгрупа
-наставник-почетник,
-воспитувач-почетник,
-стручен соработник-почетник,
-секретар,
-библиотекар.
Коефициент на сложеност 2,369.

2. Подгрупа
-наставник,
-воспитувач.
Коефициент на сложеност 2,575.

3. Подгрупа
--стручен соработник.
Коефициент на сложеност 2,643.

4. Подгрупа

-наставник-ментор,
-воспитувач-ментор.
Коефициент на сложеност 2,592.“

**Член 2**

Во членот 32 броевите „0,15“ и „0,30“ се заменуваат со броевите „0,103“ и „0,206“.

**Член 3**

Во членот 33 бројот „0,20“ се заменува со бројот „0,137“.

**Член 4**

Во членот 34 бројот „0,20“ се заменува со бројот „0,137“.

**Член 5**

Овој Колективен договор влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а се применува од 1 јануари 2009 година.

**Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија**
**Претседател,**
**ДОЈЧИН ЦВЕТАНОСКИ**

**Министерство за образование и наука на Република Македонија**
**Министер,**
**ПЕРО СТОЈАНОВСКИ**